**20250861884**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за евиденциите во областа на трудот,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2349/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕВИДЕНЦИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ТРУДОТ**

Член 1

Во Законот за евиденциите во областа на трудот („Службен весник на Република Македонија" број 16/2004, 102/2008, 17/11, 166/12 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 18/20), во член 2 во ставот 3 зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Македонија" се заменуваат со зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија".

Во ставот 5 зборовите: „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија" се заменуваат со зборовите: „Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија".

Член 2

Во член 33 ставот 3 се менува и гласи:

„Агенцијата е должна примероците на барањето од ставовите 1 и 2 на овој член, да им ги стави на увид на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на нивно барање.".

Член 3

Во член 44 точка г) во потточката 2) зборовите: „Фондот за здравствено осигурување" се заменуваат со зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија".

Член 4

Во членот 48  во ставовите 1 и 3 зборовите: „Фондот за здравствено осигурување” се заменуваат со зборовите: „Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија”.

Член 5

Во член 50 во ставовите 2 и 3 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 6

Во членовите 53 и 54 зборовите: „органот на државната управа надлежен за работите на трудот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 7

Членот 55 се менува и гласи:

„Збирен извештај со податоци од евиденцијата за членовите на семејството на државјаните на Република Северна Македонија на работа во странство - корисници на здравствена заштита, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на барање, ги доставува до Министерството за економија и труд.“.

Член 8

Во член 57-б во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 9

Во член 57-в во ставот (4) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд”.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.